РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zona zhvillimore teknologjike industriale

Бр./Nr. 04-964/9
13.07. 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14,72/15, 129/15, 173/2015, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23, 59/25, 154/25 и 132/26), а во врска со Јавниот оглас за практиканти во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 01/2026, заведен под бр. 04-964/1 од 26.06.2026 година и Записникот за спроведена селекција и интервју бр.04-964/8 од 09.07.2026 година, Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони донее:

**ОДЛУКА**
**за неизбор на практиканти по Јавен оглас број 01/2026**

**Член 1**

По Јавниот оглас за практиканти во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 01/2026, заведен под бр. 04-964/1 од 26.06.2026 година, не се избира ниту еден кандидат за ангажирање како практикант.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

На ден 26.06.2026 година на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони беше објавен Јавен оглас за практиканти во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 01/2026 заведен под бр. 04-964/1 од 26.06.2026 година. Јавниот оглас траеше 5 (пет) дена од денот на објавувањето односно заклучно до 01.07.2026 година за ангажирање на 3 (три) практиканти во Сектор за управување со ресурси во Одделение за финансиски прашања, Сектор за општи, нормативни работи и јавни набавки во Одделение за јавни набавки, како и во Сектор за анализа, преговори и следење на договори за државна помош. Од страна на вработените во Сектор за управување со ресурси – Одделение за управување со човечки ресурси беше спроведена селекција на поднесените пријави и беше спроведено интервју со единствениот кандидат кој поднесе уредна, навремена и комплетна пријава за што е составен Записник за спроведена селекција и интервју по однос на Јавен оглас за практиканти во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 01/2026 заведен под бр.04-964/8 од 09.07.2026 година.

Согласно составениот Записник во текот на интервјуто единствениот кандидат изјавил дека не е заинтересиран за извршување на практикантската работа и дека се откажува од поднесената пријава.

Имајќи го во предвид горенаведеното Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони донесе одлука како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во рок од 8 дена од денот на врачувањето на решението.

Директор
Д-р Гоце Димовски

---------------------------

Изработил: Маја Базерковска
Контролирал: Ирена Касапоски Стојанова
Одобрил: Маја Жупаноска Стефановска